# DECONSTRUCTION OF CONTEMPORARY TRENDS AS INDICATORS OF JUVENILE DELINQUENCY

**Dragana Bogoevska**
Faculty of Law and Political Sciences, "American University of Europe – FON" – Skopje, Republic of North Macedonia, draganategv@gmail.com

**Abstract**: Juvenile delinquency today, in contemporary conditions, represents a widespread negative phenomenon that manifests in many forms within the social community. The relevance of this negative social phenomenon can be attributed to a number of endogenous and exogenous factors, which are integral parts of the modern social order, unfortunately affecting young individuals the most. This is a phenomenon that receives relatively little attention in our society, both from a theoretical and practical standpoint. This can, to some extent, be attributed to social standards and the societal discourse that considers acts committed by individuals whose awareness and will are not fully developed as not threatening society or its control mechanisms. However, this does not exclude the aspect of illegality from a criminal law perspective.In recent times, we have witnessed a number of criminal offenses committed by minors, particularly in the area of traffic, endangering public safety in our country. A detailed analysis of the criminal records of these deviant subjects shows that they have caused socially dangerous occurrences even during their adolescence. This supports the view, expressed by many legal analysts, that juvenile delinquency is an undesirable product preceded by unsuccessful prevention and resocialization, or by the absence of appropriate accountability for prior illegal behavior.This logically raises the question: what should be expected from a fully developed individual when the youngest members of society are the ones most prone to deviant behavior? This is a highly sensitive issue due to the specific nature of the perpetrators—children with an as-yet underdeveloped psychophysiological system. For this reason, the factors that promote juvenile delinquency represent the most important segment that must be analytically addressed in line with the times.In addition to the internal emotional and biological struggles of children that drive criminal behavior, social conditions are also relevant, as well as technological development—specifically digitalization and artificial intelligence tools that can generate misperceptions and inappropriate behavior among young individuals. In this way, the starting points of this study are determined, with the main goal being an explicit interpretation of all indicators, factors, social conditions, and societal circumstances that induce deviant behavior in minors, with special attention to contemporary determinants that act as primary generators of juvenile delinquency in modern society.The primary intention of this scientific work is to expand scholarly knowledge about the etiological framework of juvenile delinquency within the academic community, while also encouraging institutional awareness to promote a more proactive approach by relevant institutional actors. By applying the method of deduction, we will start from the analysis of the basic postulates and, through logical consideration of the causality between causes and effects, we will arrive at concrete facts.
**Keywords:** juvenile delinquency, factors, contemporary determinants, prevention

# ДЕКОНСТРУКЦИЈА НА СОВРЕМЕНИТЕ ТЕНДЕНЦИИ КАКО ИНДИКАТОРИ ЗА МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

**Драгана Богоевска**
Факултет за правни и политички науки, "Американскиот Универзитет на Европа – ФОН" – Скопје, Република Северна Македонија, draganategv@gmail.com

**Резиме**:Малолетничката деликвенција денес, во современи услови претставува една широко распространета негативна појава која се јавува во многу појавни облици во рамките на социјалната заедница. Актуелноста на оваа негативна општествена појава може да се препише на низа ендогени и егзогени фактори кои се составен дел од современиот општествен поредок, кој за жал најмногу ги погаѓа младите личности. Станува збор за една појава на која во нашето општество се обрнува малку внимание, како од теоретски, така и од практичен аспект. Тоа до некаде може да се препише на општествените стандарди и сето она што значи општествен дискурс дека се што е сторено од лице чија свест и волја не се доволно развиени не значи загрозување на општеството и механизмот на контрола. Но тоа не го исклучува она што значи противправност од казнено правен аспект. Во последниот временски период сме сведоци на низа казнени дела извршени од страна на малолетни лица особено во делот на патниот сообраќај односно загрозување на безбедноста во нашата држава, што значи дека доколку направиме подробна анализа на казнената

евиденција на односните девијантни субјекти ќе утврдиме дека тие предизвикувале општествено опасни појави и во периодот на својата адолесценција. Со тоа се оправдува фактот кој е застапуван од страна на низа правни аналитичари дека станува збор за непосакуван продукт на кој што претходи неуспешна превенција и ресоцијализација или пак отсуство на соодветна одговорност за противправното дејствување во нивното минато. Тука логички се наметнува прашањето, што треба да се очекува од човек со развиен психофизични апарат доколку најмладите се оние кои што се "најсклони" кон девијантните појави? Станува збор за мошне сензитивна проблематика, која се наметнува како таква поради самата специфичност на сторителите на казнени дела – деца со сеуште неразвиен психофизиолошки систем. Токму поради тоа, факторите кои ја поттикнуваат малолетничката деликвенција се најважен сегмент кој што треба аналитички да се обработува во чекор со времето. Бидејќи, освен внатрешните емоционални и биолошки борби на детето кои го поттикнуваат неговото криминално поведение, како и социјалните услови, релевантен е и технолошкиот развој, поточно дигитализацијата и алатките на вештачката интелигенција кои будат неисправна перцепција и погрешно однесување на најмладите личности. На овој начин се детерминираат појдовните точки на овој труд чија главна цел експлицитна интерпретација на сите индикатори, фактори, социјални услови и општествени состојби кои индуцираат девијантно однесување на малолетните лица, со посебен осврт на современите детерминанти кои во услови на современо општество се примарни генератори за малолетничката деликвенција. Примарната интенција на овој научен труд е да се прошират научните сознанија околу етиолошката рамка на малолетничката деликвенција во академската заедница, но и да се поттикне институционалната сензибилизација во насока на иницирање на поактивен пристап од страна на релевантните институционални субјекти. Со примена на методот дедукција ќе тргнеме од анализа на основните постулати и преку логичко разгледување на каузалитетот помеѓу причините и последиците ќе дојдеме до конкретни факти.

**Клучни зборови**: малолетничка деликвенција, фактори, современи детерминанти, превенција

## 1. ВОВЕД

Малолетничката деликвенција подразбира манифестирање на недозволено поведение на малолетните лица преку извршување на инкриминирани дејствија кои се косат пред се со општествените вредности, а потоа со императивните норми. Социјалните работници на оваа појава разгледуваат како "воспитна запуштеност" кога постои отсуство на потребното внимание и грижа од страна на родителите како лица кои се одговорни за нивен надзор, но и за поставување на темелите на едно општествено посакувано и прифатливо однесување. Во услови на современо општество како индикатори за оваа општествено негативна појава се јавуваат низа објективни и субјективни, посредни и непосредни фактори кои доведуваат до вакво криминогено и асоцијално однесување на младите. Најнапред можеме да зборуваме за дестабилизација на општествено-економскиот систем во државата. Финансиската криза дури и најмладите ги наведе да "посегаат по туѓото", потоа семејството како општествена микроклетка полека но сигурно го губи своето значење. Семејството треба да претставува стожер за социјализација и градење на човекот, но евидентно е слабеењето на вистинската функција на семејството и недостаток на соодветен амбиент во кој природно треба да се гради една личност. Ако направиме компаративна анализа на сите фактори, можеби најзначајно место ќе завземе општествената средина каде се одвиваат сите човекови животни активности. Сведоци сме на секојдневно рекламирање на игри на среќа, "легално" лихварство за остварување на комерцијални цели. За да се реализира хипотезата на ова истражување важно е да се напомене дека во услови на технолошки развој соодветен придонес дава и вештачката интелигенција и слободата на медиумите. Малолетничката деликвенција е институт кој во криминолошката, правничката и социјалната теорија се среќава во мошне богата терминологија. Според Јашовиќ (1978) една група на поими, се однесува на сето она што во Кривичниот Закон е дефинирано како инкриминирано противправно дејствување од страна на малолетникот. Оваа група ги опфаќа потесните дефинирања на малолетничката делинквенција, која не се разликува од криминалитетот на возрасните, туку се разликува малолетниот сторител на казнено дело од полнолетните извршители. Втората група на сфаќања малолетничката деликвенција ја дефинираат како противправна појава која се коси не само со криивичните, туку и со другите законски прописи кои се дел од правните гранки на објективното право. Третата група на дефиниции се означува како социолошко-криминолошки поим на престапништвото на младите. Станува збор за севкупното девијантво поведение на малолетните лица. Како сублимат на се претходно наведено, постои општата дефиниција за малолетничката деликвенција што ја истакнува Видановиќ (1991), "престапничко поведение на млади што е секое поведение на поединец, група на млади кое е противоопштествено, односно општествено неприфатливо, однесување со кое се кршат правните и моралните норми на определено општество и кои, кога тоа е општествено видливо, предизвикуваат спонтано или организирано општествено реагирање со намера да се заштитат

општествените добра и вредности, како и самите актери на таквото поведение“. Во делот на трендовите и стапката на малолетничка деликвенција во нашата држава истражувањата покажуваат дека учеството на детското престапништво во вкупниот криминалитет се намалува во последните 24 години, а во последната декада не надминува 6%. Сепак, не е јасно дали ова се должи на помал број казнени дела од страна на децата или на зголемена темна бројка на неоткриени и непријавени дела (Лажетиќ et al., 2025). Затоа е релевантна анализата на причините кои го поттикнуваат малолетничкиот криминалитет, бидејќи само целесообразна и успешна анализа на истите може да оди во прилог на имплементација на соодветните казнено-правни механизми во насока на превенција на оваа непосакувана општествена појава.

## 2. СОВРЕМЕНИ ДЕТЕРМИНАТОРИ НА МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

Зачетоците на малолетничката деликвенција своето место во правничката историја и судското третирање го завземаат уште во текот на XIX век и се тесно поврзани со лични, семејни и социјални фактори. Но фокусот на овој труд е ставен исклучиво на современите состојби кои се во тесна врска со дигитализацијата. Трудот е конципиран на дескриптивна анализа насочена кон детерминирање на современите фактори кои ја предизвикуваат оваа појава. Истражувањето се заснова на толкување на современата домашна и странска литература која посебно се занимава со разглобување на оваа проблематика. Целта е да се постигне систематско согледување на динамиката на современите фактори и услови како основ за појава на малолетничката деликвенција во современи услови. Компаративната анализа на истражувањата во оваа област покажуваат промена на терминологијата во делот на објаснување на индикаторите. Во изминатите години главно, стручњаците зборувале единствено за ендогени и егзогени фактори, но денес станува збор за макро и микро фактори. Имено, според Сарајкиќ (2021), макро факторите се сегменти на социјалното опкружување итоа економската криза, политичкиот дисбаланс, културните модели, медиумите, урбанизацијата како и дигиталното опкружување кое ќе биде предмет на подробна анализа во текот на овој труд. Додека, микро факторите ги детерминираат индивидуалните и емоционалните фактори кои се тесно поврзани со семејната состојба и образовниот систем. Според низа истражувања кои што се спроведуваат ширум светот, докажано е дека децата од 18 месеци до 7 години се константно опкружени со дигиталните уреди на современата технологија. Се смета дека тоа е резултат семејната аномалија каде семејството ја губи својата вистинска функција што ја имала во минатото. Децата следејќи ги своите родители започнуваат со практикување на дигиталните алатки без сознанија и одговорности споделувајќи ги личните информации кои не треба да се предмет на јавен публицитет. Уште од најмала возраст децата се изложени на негативните влијанија на социјалните медиуми незнаејќи да прават дистинкција помеѓу вистинито и невистинито, добро и лошо. Истражувањата покажуваат дека децата ги следат постапките на своите родители, затоа родителите треба да се внимателни во користењето на средствата на масовната комуникација. Почнувајќи од сеуште недоволно развиеното општество каде весниците биле единствен начин за пренесување на информации, на новостите околу криминалитетот се гледало како на сензација која будела авантура и возбуда. Подоцна се појавуваат стриповите кои навидум се интересни за деца но евидентно е дека промовираат хорор и сексуална содржина. Телевизијата со своите програми е визуелен член на секое семејство. За жал, праксата од минатото до денес покажува дека телевизиските продукции не се селективни при избор на субјектите на кои им се дава медиумски простор, па оттука им е најважно да емитуваат содржина која ќе привлече внимание независно дали е позитивно или негативно. Цртаните филмови не се само виртуелни аниматори на децата, туку и невидливи провокатори и промотери на налудничави идеи со скриени пораки. Видео игрите се всушност најголемата проблематика. Учеството на децата во истите, освен што буди адреналин и чувство за натпревар помеѓу најдобрите, ја буди и омразата. Пцовките и вербалните заканите се постојани учесници во таа виртуелна комуникација. Интернетот ги обединува сите медии и интернет платформи. Социјалните мрежи се дел од етерот повеќе од 15 години. Со текот на времето евидентно е дека родителите не водат грижа за возрасната граница која е предвидена на тие платформи. Децата наивно навлегуваат во вербална комуникација со непознати, закажуваат средби, споделуваат фотографии кои се предмет на монтирање и лов на порнографската индустрија веќе години наназад. Во изминатиот период сме сведоци како на балканот, така и во светски рамки дека учеството на децата во дигиталниот свет е примарен индикатор за тие да се јават како криминални субјекти. Промовирањето на раскошен живот ги наведува на разбојништво, загубата на видео игрите значи посегање по животот на победникот. Булингот на социјалните мрежи е причина за убиство или самоубиство. На тој начин се детектира склопот на макро и микро факторите како индикатори за малолетничката деликвенција. Пропустите во надворешниот свет го иницираат активирањето на внатрешните побуди на детето со сеуште неразвиен психофизички апарат и способност за разликување помеѓу правилното и погрешното. Малите пропусти може да предизвикаат големи последици.

## 3. МЕДИУМИТЕ И ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА КАКО ПРИМАРНИ ИНДИКАТОРИ НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА ВО СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ

Современите перцепции за малолетничката деликвенција ни укажуваат дека децата во медиумите се фигури на активно поучување, дисциплина и социјализација наместо активно вклучување во сопствениот развој (Југовиќ & Богетиќ, 2024). Најголемиот проблем се состои во тоа што медиумите претставуваат главен промотер на сензационализација и драматизација на насилство и други негативни форми на однесување. Медиумите го губат своето вистинско значење на извор за информации, и полека се преобразуваат во креатори на однесувањето на децата преку нормализирање и практицирање на апсурдна содржина. Се чини дека е нормално ранливите адолесценти да репродуцираат активности што навидум изгледаат возбудливи и им создаваат положба на моќ, а најпогодени се младите кои што се соочуваат со недостаток на семејни, социјални и психолошки ресурси. Постојаното промовирање на девијантни појави на социјалните мрежи и сите традиционални медиумски платформи, создава чувство на "етикетираност" кај младите, и страв да се одделат од "топлата". Тука адолесцентите се соочуваат со криза на сопствениот идентитет. Во услови на современ технолошки развој, каде секој нов ден значи создавање на нова дигитална алатка, ја имаме појавата на вештачката интелигенција која е актуелна во изминатите неколку години и комплетно настапи на медиумскиот простор во себе обединувајќи се што претходно било достапно на друго место во интернет сферата. Вештачката интелигенција во улога на "сезнајко" магично има одговор за сите дилеми, начин за сите постапки. Воопшто не е себична да го пренесе своето знаење, особено на најмладите и најнеискусните кои своите сознанија ги стекнуваат токму од неа. Но истовремено, алатките на вештачката интелигенција создаваат сериозни ризици за најмладите. Истражувањата покажуваат дека децата освен како извршители се вклучени и како жртви преку извршување на казнените дела што значат сексуална злоупотреба, изнуда и уцена со лажни и генерирани фотографии кои изгледаат реалистично. Истражувања во 11 земји до сега покажале дека околу 1,2 милиони деца биле жртви на "длабок фејк" манипулации.Но и самите деца генерираат такви илустративни содржини за своите врсници. За да се спречат ваквите појави евидентна е потребата од реформи на националните казнени законодавства кои треба да се прошират и да го опфатат регулирањето и санкционирањето на оваа проблематика со децидни одредби во законите, но потребна е и соодветна превенција пред се од страна на родителите, образовниот систем, индустриите и стручните служби ( United Nations Children's Fund, 2026 ).

## 4.ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА КАКО АЛАТКА ЗА БОРБА ПРОТИВ МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

Покрај тоа што вештачката интелигенција оди во прилог на остварување на криминогените поведенија, сепак очигледно е дека истата има сериозен потенцијал во борбата против истите. Имено, станува збор за моќна алатка која има способност да си следи ризичните состојби но и да асистира на правосудните инстанци и сите надлежни органи во превенција на малолетничката деликвенција. Вреди да се напомене дека сеуште станува збор за "новина" која до некаде може да го загрози постојаното законодавство бидејќи истата сеуште не е нормативно регулирана, па тука се чини дека е оправдано и прашањето, дали истата се коси со малолетничката правда која е предмет на регулирање на низа меѓународни стандарди? Затоа е неопходно да се воспостави баланс помеѓу технолошките предности но и заштитата на правата на детето, бидејќи целта е истата да се користи како поддршка, а не како замена на човечкиот фактор во проценување на индивидуалниот ризик. Според Камбовски и Стојанова ( 2024 ), за да може да се зачува човековото достоинство при употреба на системите на вештачка интелигенција, потребно е да се внимава на почитување на неколку етички принципи. Како прв принцип се наведува објаснивоста и проверливоста, што значи дека системите на вештачка интелигенција, односно препораките кои што таа ги дава, треба да бидат објасниви и проверливи во делот на влијанието што овие системи го вршат врз луѓето. Достоинството подразбира дека системите на вештачка интелигенција треба да функционираат исклучиво врз основ на почитувањето на личноста, неговата слобода и автономија, додека забраната за причинување на штета значи задолжителна примена на безбедносните стандарди. Правичноста значи дека задолжително е почитувањето на интегритетот на луѓето и забрана за дискриминација по било кој основ. Последното, но и најважно се однесува на етичката и општествено одговорната употреба на податоците што е во насока на појаснување дека секоја планирана обработна на податоците кои се генерирани од страна на системите на вештачка интелигенција мора да се прави исклучиво врз основ на почитување на фундаменталните права на човекот, особено правото на заштита на личните податоци. Од друга страна Joseph ( 2025 ) истакнува дека користењето на апликациите кои се базирани на вештачка интелигенција бара споделување на лични податоци што може да значи нарушување на доверливоста на податоците и правата на приватност. И покрај очигледните предности од интегрирањето на вештачката интелигенција во системот на малолетничката

правда, потребни се дополнителни истражувања за да се осигура дека човековите права, вклучително и правата на децата, се целосно заштитени.Оттука произлегува дека постои ризик вештачката интелигенција и моделите за машинско учење да почнат неконтролирано да доминираат во областа на јавниот закон. Тоа би било несакано, бидејќи може да доведе до два сериозни проблеми: неповолна заштита на основните права и елиминирање на човечкиот фактор при оценка на индивидуалниот ризик. Исклучувањето на човечкиот елемент би ја намалило хуманоста во правосудството, која е есенцијална за развој на колективна свест во сложени социјални системи. Затоа се настојува оваа дигитална алатка конечно да си добие своја законодавна рамка, така што истата би можела да биде искористувана за позитивни цели во насока на остварување на јавниот интерес од една страна, и помагање на правосудните органи од друга страна. Поради нејзината актуелност, тезата околу потребата за нејзино правно регулирање во нашата држава е опфатена во голем број истражувања. Па така, според Китаноска ( 2023 ) постојат неколку мерки чија примена е насока на креирање на современо законодавство кое ќе ја регулира дигиталната ера. Пред се станува збор за потребата од унапредување на постојаното законодавство, односно соодветна модернизација особено заштитувајќи ги личните податоци, приватноста, заштитата на децата и заштитата од ширење на дезинформации што е од огромно значење за темата на овој труд. Се истакнува и потребата за создавање на регулаторно тело кое ќе остварува тесна соработка со владини и правосудни институции, особено во делот на заштитата на правата на корисниците во онлајн просторот. Од друга страна важно е да се напомене дека нејзината законодавна оправданост треба да произлегува и од задолжителната забраната за нејзино искористување со цел остварување на законските битија на казнените дела и нарушување на општествените и императивните норми. Оттука е евидентна и потребата за поставување на лимитот за искористувањето на дигиталните алатките кој зедоа сериозен замав во време на “паметно доба“.

**5. ЗАКЛУЧОК**

Малолетничката деликвенција како мошне комплексна појава во социјалната средина, во согласност со претходно изнесеното произлегува дека може да биде иницирана од низа фактори на ризик кои традиционално може да се јават како индивидуални, семејни и социјални. Во чекор со времето, и оваа област трпи промени. Дигиталната ера полека но сигурно продре и во оваа проблематика и си ги произведе своите предности, но и негативни реперкусии. Павловски ( 2019 ) истакнува дека ниту еден фактор на ризик изолирано не може да доведе до појава на малолетничка деликвенција. Факторите на ризик не функционираат изолирано и обично се кумулативни, колку повеќе фактори на ризик се присутни кај младите, толку е поголема веројатноста дека ќе манифестираат деликвентно однесување. Доколку состојбата ја разгледуваме ретроспективно би дошле до заклучок дека во минатото воспитната запуштеност се јавувала како примарен индикатор на оваа општествено негативна појава. Но и денес работите не се променети во тој дел, само што денес воспитната запуштеност се јавува во свој надворешен манифестационен облик. Зафатените и изморени родители со недостаток на енергија да ги анимираат сопствените деца по долг работен ден, се чини дека им е наједноставно децата да ги стават пред електронските уреди. Малите деца наместо активно да се развиваат во здрава и нормална социјална средина, заробени се и зависни од виртуелниот свет, додека сопствениците и креаторите на дигиталните алатки си ги остваруваат своите комерцијални цели. Клучно е дека пред се семејната заедница треба да си ја зајакне својата функција, да постави граница и да врши мониторинг на своите најмлади членови. Бидејќи единствено започнувајќи од семејството како микроклетка на социјалната заедница можеме да изградиме ефективен превентивен систем во борбата со малолетничката деликвенција. За поздрав е неодамнешната иницијатива во нашата земја, на група на родители во насока на забрана и регулација на социјалните мрежи со цел заштита на децата до 16 години, со мотото “Нашите деца не се алгоритам“. Време е да се подигне колективната свест но и да се зајакне законодавната рамка која ќе ги поставува лимитите во искористувањето на дигиталните алатки и остварување на нејзините функции во правец на подобрување на сите сфери во општественото живеење. Никогаш нема да излезе од “мода“ човечкиот фактор кој е стимулатор за се “вештачко во светот“. Ние, луѓето сме тие кои што го градиме светот. Затоа време е да ги поставиме границите, да изградиме едно креативно општество, да поставиме стандарди и да станеме “репер“ на идните генерации. Да успееме да создадеме едно здраво општество каде најголема доблест е автентичноста. Да се цениме меѓусебно, ние луѓето, да не дозволиме програмлива електромеханичка машина да не замени, туку да ја интегрираме во општеството не за да ги уништи младите генерации, туку за да биде продолжение на човечката рака, човечкиот ум и човечката љубопитност.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Гордана Лажетиќ, Б., Мисоски, Б., Кошевалиска, О., & Нанев., Л. (2025). Детско престапништво и правда за деца. Скопје: Универзитет "Св. Кирил и Методиј", стр.115. https://www.researchgate.net/publication/391087014_Detskoprestapnishtvo_i_pravda_za_deca_2025_Child_delinquency_and_juvenile_justice_University_Book

Камбовски, И., & Стојанова, Е. (2024). Истражување за ефектот на новите технологии, со особен фокус на вештачката интелигенција, врз човековите права на интернет и развивање етички стандарди за заштита на човековите права на интернет при автоматско донесување одлуки. Скопје: Фондација за интернет и општество Метаморфозис, стр. 41–44. https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2024/05/istrazhuvanje-za-efektot-na-novite-tehnologii-so-osoben-fokus-na-veshtachkata-inteligencija-vrz-chovekovite-prava-na-internet.pdf

Китаноска, М. (2023). Регулирање на онлајн медиумите: Потребата за современа законодавна рамка во дигиталната ера. Правен фокус (Focus Luris, 4), стр. 98. https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2023/10/Praven-fokus-digitalni-tehnologii.pdf

Павловски, Д. (2019). Водич за справување со ризиците од деликвенција кај учениците. Скопје: Институт за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ; Асоцијација за развојни иницијативи – Зенит, стр. 9. https://isie.org.mk/wp-content/uploads/2019/11/Vodich-CJD.pdf

Jašović, Ž. (1983). Kriminologija maloletničke delikvencije (drugo dopunjeno izdanje). Beograd: Naučna knjiga, стр. 69–73.

Jugović, A., & Bogetić, D. (2024). Značaj medija u društvenom reagovanju na maloletničku delinkvenciju. Beograd: Univerzitet u Beogradu, Fakultet za specijalnu edukaciju i rehabilitaciju, Izdavački centar (ICF), стр. 79.https://rfasper.fasper.bg.ac.rs/bitstream/handle/123456789/5655/bitstream_11911.pdf?sequence=1&isAllowy

Joseph, M. J. (2025). Artificial intelligence in treating juveniles in conflict with law and detection of recidivism. International Journal of Law Management & Humanities, 8(1), стр. 862–863. https://ijlmh.com/wp-content/uploads/Artificial-Intelligence-in-Treating-Juveniles-in-Conflict-with-Law-and-Detection-of-Recidivism.pdf

Sarakjić, N. (2021). Maloljetnička delinkvencija sa fokusom na digitalno okruženje (Magistarski rad). Sarajevo: Univerzitet u Sarajevu, Fakultet političkih nauka, стр. 16. https://www.scribd.com/document/588094078/Maloljetnicka-Delinkvencija-Sa-Fokusom-Na-Digitalno-Okruzenje-Sarajkic-Nedzad#google_vignette

United Nations Children's Fund. (2026, February). Artificial intelligence and child sexual abuse and exploitation (Issuebrief).UNICEF.https://www.unicef.org/media/178571/file/UNICEF%20AI%20CSEA%20Brief_FINAL3.pdf

Vidanovič, I. (1991). Metodika socijalnog rada s pojedincem i porodicom: Opšti deo. Beograd: Naučna knjiga.